Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 30 јули 2019 година**

**Скопје, јули 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2019 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваше и Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

➢ Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Ревидиран Годишен извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за 2018 година, ревидиран Финансиски извештај на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за 2018 година и ревидирана Годишна сметка на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за 2018 година, со Предлог-одлуки и Ревизорски извештај за 2018 година

2. Годишна сметка за 2018 година, Годишен извештај за работењето во 2018 година и Ревизорски извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на ЈП Стрежево Битола за 2018 година, со Предлог-одлуки

3. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево" - Битола за 2018 година

4. Програма за изменување на Инвестиционата програма за 2019 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, со Предлог-одлука

5. Информација во однос на пренесување на правото на сопственост на движни ствари (дрвната маса) произлезена при изградбата на магистралниот гасовод Делница „Скопје-Тетово-Гостивар", со Предлог-одлука

6. Годишна сметка за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година, Финансиски извештај за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година и Извештај за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година, со предлог-одлуки

7. Информација за престанок и за давање движни ствари на трајно користење на Планинарско горскоспасително друштво Ава Кота 1050 Новаци, со Предлог-одлука

8. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно спасително друштво Феникс Битола

9. Информација за извршените инспекциски надзори за безбедност на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Северна Македонија за првиот квартал од 2019 година

10. Информација за можноста за обезбедување техничка помош од Француската развојна агенција (AFD)

11. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје

12. Предлог-одлука за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

13. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за доделување на право на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба за изградба на објект со намена Трафостаница 10 (20) „ТС Клучка Ињево", во КО Радовиш- вон гр.р. од јавен интерес, со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

14. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година

15. Предлог-програма за дополнување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2019 година

16. Предлог-програма за капитални субвенции за центри за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој

17. Информација за изменување на Решение бр.44-9373/1 од 30.10.2018 година, за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, со Предлог-решение

18. Информација за намалување на концесиски надоместок за користење на дивечот во ловиштето бр.4 „Требовље" - Македонски Брод на концесионерот ДУТП „Петрин Лоџ" - ДООЕЛ с.Требовље

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Групчин за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Групчин, Општина Желино, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на главен колектор за отпадни води за приклучување на селото Тимјаник со системот за отпадни води на Неготино, Општина Неготино, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта со придружни содржини КО Слупчане-вон г.р., Општина Липково, со Предлог-одлука

22. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Убавка Шаматова од с.Ерџелија Свети Николе, со Предлог-одлука

23. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Влатко Компани - Влатко Стојков од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

24. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Вила Мила - 07 - Роберт Атанасов од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

25. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со земјоделец ИЗ Мак 07 - Анита Димитриевска од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

26. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Сашо Серафимов од Свети Николе, со Предлог-одлука

27. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Танимар - Благица Донева од Свети Николе, со Предлог-одлука

28. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Маќи - Блажо Коцев од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

29. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Уров - Зоран Китанов с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

30. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Боре Ефремов од с.Ерџелија Свети Николе, со Предлог-одлука

31. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Роберт Јакимов с.Ерџелија Свети Николе, со Предлог-одлука

32. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Дирекo Ми Алма - Мијалче Костов од Штип, со Предлог-одлука

33. Информација со Предог - одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Липково

34. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас CO2 на локалитетот кај с.Брод и с.Бач Општина Новаци, согласно Одлуката за започнување на постапка за

доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас CO2 на локалитетот кај с.Брод и с.Бач Општина Новаци бр.45-4142/1 од 25.6.2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.132/19), со Предлог-решение

35. Информација за подготвена тендерска документација за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR)

**в) политички систем**

36. Информација во врска со потребата од спроведување процес на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи во Република Северна Македонија

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

37. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за мрежата на здравствени установи

38. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019-2022)

39. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година

40. Информација за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватна установа за стари лица„ Хармонија “ - Скопје, со Предлог-одлука

41. Информација за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „Среќно детство“ во Скопје, со Предлог-одлука

42. Информација за изградба и опремување на детска градинка во Општина Илинден

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

43. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во казино (на Друштвото за угостителство и туризам „Фортуна Интернацонал“ ДООЕЛ Гевгелија во деловната просторија

која се наоѓа во хотел „Аполонија“ Гевгелија кој се наоѓа на ул.„Гевгелиски партизански одреди“ бр.1 во Гевгелија)

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

44. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ - Охрид (I фаза)

45. Годишен извештај на Агенцијата за супервизија на осигурување за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2018 година

46. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2018 година

47. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година

48. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јануари до 30 јуни 2019 година

49. Барање за давање на автентично толкување на член 67 ставови 6, 7 и 8 од Законот за градење, поднесено од претседателот на Советот на Општина Центар-Скопје

50. Барање за давање на автентично толкување на член 8 став 1 точка 9 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ број 21/04 и 23/16), поднесено од градоначалникот на Општина Чашка

51. Барање за давање на автентично толкување на член 13 став (1) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14,149/14,187/14, 44/15,129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18) во врска со членот 205-а став (3) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" број 72/16, 142/16 и 233/18), поднесено од пратеникот Снежана Калеска Ванчева

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

52. Иницијатива од Митко Чавков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.100/19 за оценување на уставноста на член 1 и член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018)

53. Статут на Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро Колеџ“ - Куманово

54. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.586 КО Злокуќани на КП 136 дел 21, КП 136 дел 3 и КП 136 дел 4 викано место Зајчев Рид

55. Понуда од нотар Билјана Пецовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2166 КО Ѓорче Петров на КП 8964 викано место/улица Ѓ.Петров

56. Понуда од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.103002 КО Ѓорче Петров на КП 7047 дел 13 и КП 7047 дел 5 викано место/улица Беришка

57. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10583 и Имотен лист бр.102331 за КО Радишани на КП 1053 викано место/улица Бадеми

**д) други предлози**

58. Кадровски прашања

59. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

60. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за период од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година

61. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година

62. Информација за Акцискиот план за вработување млади лица, 2016 - 2020 година

63. Информација во врска со Третиот извештај за напредокот во делот на промоцијата на обновливите извори на енергија во Република Северна Македонија за 2016 и 2017 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

64. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на на локалитетот „Долно Лисиче“, Општина Аеродром бр.24-3524/4 од 2.6.2015 година и Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за транспорт и трговија Фивла Транспорт ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Долно Лисиче 2“, Општина Аеродром бр.24-3521/4 од 2.6.2015 година

65. Извештај за извршени преговори за склучување на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за трансфер на осудени лица

66. Извештај за извршени преговори за склучување на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за екстрадиција

67. Извештај за извршени преговори за склучување на Договор меѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за меѓусебна правна помош во кривичната материја

68. Предлог-одлука за утврдување на работи од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

69. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци

70. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци

71. Информација во врска со поканата за одржување на вонредна седница на Собранието на акционери на „Југбмес Банка“ АД Белград закажана за 6.8.2019 година

72. Информација за начинот на финансирање на изградбата на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје

73. Информација за започнување на реализацијата на нов Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје

74. Предлог-одлука за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа

75. Информација за досегашната работа и понатамошните потреби на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија

76. Предлог-закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп

*

*          *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата го разгледа Извештајот од Четиринаесеттиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Управата за водење на матичните книги, во рок од три дена, во графата „државјанство" во изводите за венчани, родени и умрени издадени пред и по стапување на сила на Конечната спогодба помеѓу Република Македонија и Република Грција, да биде впишано „македонско/граѓанин на Република Северна Македонија", согласно член 2 став (3) од Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Управата за водење на матичните книги, во рок од три дена, во графата „држава на раѓање" во изводите за венчани, родени и умрени издадени пред и по стапување на сила на Конечната спогодба помеѓу Република Македонија и Република Грција, да биде впишано новото име на државата, Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за правда во рок од три дена да достави насоки до Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда со својство на правно лице, за начинот на употреба на егзонимите и ендонимите при издавање на изводите за венчани, родени и умрени.

4. Се задолжуваат сите државни институции кои имаат склучено договор за вршење на општи и заеднички услуги за 2019 година со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена до Службата за општи и заеднички работи

на Владата на Република Северна Македонија да испратат преводи, согласно Законот за употреба на јазиците, на називите на нивните подрачни единици.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Ревидираниот годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за 2018 година, Ревидираниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за 2018 година и Ревидираната годишна сметка на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за 2018 година, со Ревизорски извештај за 2018 година и Предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Ревидираната годишна сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта - Ц.О. Скопје за периодот 1.1 - 31.12.2018 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта - Ц.О. Скопје за 2018 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ги разгледа новите текстови на Годишната сметка за 2018 година, Годишниот извештај за работењето во 2018 година и Ревизорски извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Стрежево“ - Битола за 2018 година, со дополнувањата, со предлог-одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на ЈП „Стрежево” - Битола за 2018 година, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на ЈП „Стрежево” - Битола за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево” - Битола за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата по Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2019 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2019 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, до наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика да достави детална информација за степенот на јавното приватно партнерство за градење на мали хидроелектрани.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во однос на пренесување на правото на сопственост на движни ствари (дрвната маса) произлезена при изградбата на магистралниот гасовод Делница „Скопје-Тетово-Гостивар“, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата и притоа заклучи:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ п.о. Скопје да спроведе соодветна постапка за жигосување со шумски жиг на дрвната маса произлезена од изградбата на Магистралниот гасовод Делница 5 „Скопје - Тетово - Гостивар“ кај потегот во парк-шумата „Водно“ а за истите дрва Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси“ Скопје во државна сопственост да даде препорака за распределување на истите на државни (јавни) институции на кои им треба или користат дрва за огрев.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ п.о. Скопје да спроведе соодветна постапка за жигосување со шумски жиг на дрвната маса произлезена од невремето во Ресен која се наоѓа на повеќе локации (автокампот „Крани“, полициска станица во Ресен) и за истите до наредната седница на Владата да направи план и да ги распредели по државни (јавни) институции или социјално загрозени семејства.
3. Се укажува на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ п.о. Скопје и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси Скопје“ во државна сопственост за наредната седница на Владата да доставaт соодветни акти за прераспределба на дрвната маса.

## Точка 6

Владата по Годишната сметка за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година, Финансискиот извештај за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година и Извештајот за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година, со предлог-одлуки ги донесе новите текстови на :

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Планинарско горскоспасително друштво Ава Кота 1050 Новаци, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно спасително друштво Феникс Битола, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за извршените инспекциски надзори за безбедноста на детските играчки кои се пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за прв квартал од 2019 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат да продолжи да доставува до Владата информации за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територија на Република Северна Македонија, на квартално ниво.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат да спроведе посебна кампања и вонредна масовна акција за контрола на квалитетот на детските играчки и средствата за хигиена за деца и соодветно на тоа за

потребите на Инспекторатот да се обезбедат дополнителни ресурси и средства за таа намена од Министерството за здравство.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за обезбедување техничка помош од Француската развојна агенција (AFD) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Град Скопје да достави барање до Француската агенција за развој (AFD) за обезбедување на неповратна технича помош за изработка на студија за алтернативите за подобрување на јавниот превоз во Градот Скопје.

2. Се препорачува на Град Скопје во рок од 30 дена од завршувањето на студијата за алтернативите за подобрување на јавниот превоз во Градот Скопје, како и останатите студии и документи, да ја информира Владата за резултатите од направените анализи.

## Точка 11

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје и условно ја донесе Одлуката, доколку предлагачот ја преработи истата со потребните катастарски податоци во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 12

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (најнов текст) и условно ја донесе Одлуката, доколку Министерството за транспорт и врски достави позитивно мислење по истата.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за доделување на право на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба за изградба на објект со намена Трафостаница 10(20) „ТС Клучка Ињево“, во КО Радовиш- вон гр.р. од јавен интерес, со Предлог-одлука и дополнувањето, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решение бр.44-9373/1 од 30.10.2018 година, за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, со Предлог-решение ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за намалување на концесиски надоместок за користење на дивечот во ловиштето бр.4 „Требовље“ - Македонски Брод на концесионерот ДУТП „Петрин Лоџ“ - ДООЕЛ с.Требовље, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да обезбеди мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија по материјалот.

**Точка 19**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Групчин за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Групчин, Општина Желино, со Предлог-одлука и истата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на главен колектор за отпадни води за приклучување на селото Тимјаник со системот за отпадни води на Неготино, Општина Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на главен колектор за отпадни води за приклучување на селото Тимјаник со системот за отпадни води на Неготино, Општина Неготино, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта со придружни содржини КО Слупчане-вон г.р., Општина Липково, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Убавка Шаматова од с.Ерџелија Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор ИЗ земјоделец Влатко Компани - Влатко Стојков од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Вила Мила 07 - Роберт Атанасов од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со „ИЗ Мак 07 - Анита Димитриевска“ од с.Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Сашо Серафимов од Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Танимар - Благица Донева од Свети Николе, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Маќи - Блажо Коцев од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Уров - Зоран Китанов с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуалниот земјоделец Боре Ефремов од с.Ерџелија Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Роберт Јакимов с.Ерџелија Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Диреко Ми Алма - Мијалче Костов од Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Липково, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас СО2 на локалитетот кај с.Брод и с.Бач Општина Новаци, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас СО2 на локалитетот кај с.Брод и с.Бач Општина Новаци бр.45-4142/1 од 25.6.2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.132/19), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина- минерална

вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с.Брод и с.Бач Општина Новаци со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да номинираат претставници во Комисијата.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за подготвена тендерска документација за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), со нови текстови на Тендерска документација и Јавен повик и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги одобри новите текстови на Тендерската документација и Јавниот повик.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го објави Јавниот повик за доделување на договор за воспоставување на јавно - приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (SAR).

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата од спроведување процес на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи во Република Северна Македонија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, најдоцна до 20 август 2019 година да формира работна група, со задача да изготви Предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, Предлог-планот на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството, најдоцна до 1 октомври 2019 година да го достави до Владата на Република Северна Македонија, на усвојување.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за мрежата на здравствени установи, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 - 2022), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватна установа за стари лица „Хармонија“ Скопје, со Предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата предлагачот текстот на материјалот дополнително да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „Среќно детство“ во Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - центар за ран детски развој „Среќно детство“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба и опремување на детска градинка во Општина Илинден и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во Буџетот за 2020 година, да предвиди финансиски средства во износ од 6.082.003,00 денари за машински инсталации и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Илинден.

2. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Општина Илинден да склучат договор за соработка во рок од пет до седум дена по усвојување на Информацијата.

**Точка 43**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино (на Друштвото за угостителство и туризам „Фортуна Интернацонал“ ДООЕЛ Гевгелија во деловната просторија која се наоѓа во хотел „Аполонија“ Гевгелија кој се наоѓа на ул.„Гевгелиски партизански одреди“ бр.1 во Гевгелија), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" - Охрид и притоа го утврди следново мислење

Согласно одредбите од Законот за високото образование, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Северна Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Северна Македонија.

Со предложената Статутарна одлука се врши усогласување на одредбите на Статутот со амандманите на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите на Уставот на Република Северна Македонија, согласно.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Статутарната одлука за изменување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" - Охрид.

По однос на текстот на Статутарната одлука се укажува дека:

1. Во основот ќе треба да се наведе дека истата се донесува врз основа на член 94 точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018).
2. Во членот 1, наместо податоци за седницата на Сенатот и дадената согласност од Собранието на Република Северна Македонија, ќе треба да се наведе бројот и датумот на донесување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" - Охрид.

Освен наведеното, се укажува дека ќе треба да се изврши и правно - техничко подобрување на текстот на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" - Охрид.

**Точка 45**

Владата го разгледа Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Македонија во 2018 година на Агенцијата за супервизија на осигурување и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Македонија во 2018 година е подготвен согласно член 158-о од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), според кој Агенцијата за супервизија на осигурување подготвува годишен извештај за состојбата и движењата на пазарот на осигурување и го доставува, најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година, до Собранието на Република Северна Македонија на усвојување.

Согласно Извештајот, на крајот на 2018 година на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија активно работат 16 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 5 осигурување на живот. Во текот на 2018 година активни се 35 осигурително брокерски друштва, 11 друштва за застапување во осигурување (бројот останува непроменет во однос на 2017 година) и 5 банки кои вршат застапување во осигурување, при што бројот на банки во однос на претходната година е зголемен за две банки.

Бруто полисираната премија остварена во 2018 година е во вкупен износ од 9,92 милијарди денари, што претставува пораст од 10,40% во однос на бруто полисираната премија остварена во 2017 година кога изнесувала 8,99 милијарди денари. Кај неживотно осигурување бруто полисираната премија е во износ од 8,26 милијарди денари, за 9,43% повеќе во однос на 2017 година, а кај осигурувањето на живот е во износ од 1,66 милијарди денари и е за 15,48% повисока во однос на 2017 година.

Изворите на средства на друштвата за осигурување на крајот на 2018 година изнесуваа 21,6 милијарди денари и бележат пораст од 8,03% во однос на претходната година. Во изворите на средствата најголемо учество имаат бруто техничкиге резерви со 57,95%, а потоа следуваат капиталот и резервите со 31,34%.

Капиталот на друштвата за осигурување е четири пати над нивото на маргината на солвентност која изнесува 1,56 милјарди денари, што укажува на стабилност на осигурителниот сектор.

Во 2018 година, друштвата за осигурување оствариле добивка во износ од 352,67 милиони денари, која бележи намалување од 11,24% во однос на 2017 година.

Остварената добивка во неживотното осигурување изнесува 269,65 милиони денари, а во осигурувањето на живот 83,02 милиони денари.

Со оглед на тоа што во Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Македонија во 2018 година се презентирани реалните состојби во осигурителниот сектор, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Извештајот и му препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои истиот.

**<u>Точка 46</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2018 година е подготвен согласно член 158-п од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13 , 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 101/19), според кој Агенцијата за супервизија на осигурување подготвува годишен извештај за своето работење и го доставува, најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година, до Собранието на Република Македонија на усвојување.

Во Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2018 година, презентирани се активностите на Агенцијата поврзани со нормативната дејност, издавање и одземање дозволи, согласности, лиценци и вршење супервизија на учесниците на пазарот на осигурување.

Агенцијата спроведувала супервизија на осигурителните субјекти преку перманентна вонтеренска супервизија со прибирање и анализирање на доставените извештаи и информации и преку теренска (целосна или делумна) супервизија. Согласно Извештајот, во текот на 2018 година, Агенцијата има спроведено 3 целосни и 5 делумни теренски супервизии, врз основа на кои има издадено 22 наредби за отстранување на незаконитости. Врз основа на вонтеренската супервизија, Агенцијата има изречено 51 наредба за отстранување на незаконитости.

Во делот на лиценцирањето, во 2018 година, Агенцијата има издадено 2 дозволи за вршење на осигурително брокерски работи, 1 дозвола за воведување нова класа на осигурување, 18 согласности за вршење функција член на орган на управување, 12 согласности за измена на

статут и други согласности. Исто така, Агенцијата во 2018 година има издадено 235 лиценци за застапници во осигурувањето и 50 лиценци за осигурителни брокери.

Во насока на постигнување високо ниво на заштита на потрошувачите, во текот на 2018 година, Агенцијата ги продолжила активностите за едукација на граѓаните за значењето и улогата на осигурувањето, како и информирање за правата и обврските на осигурениците кои произлегуваат од различни производи на осигурување. Во текот на 2018 година, до Агенцијата се поднесени 104 претставки од кои 73 претставки се решени (28 во корист на подносителите на претставките, 12 претставки се без основа за постапување и 21 се во процес на решавање).

Имајќи предвид дека Агенцијата за супервизија на осигурување во 2018 година ги извршувала своите активности во согласност со законските овластувања и преземала мерки за непречено функционирање на осигурителниот сектор, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2018 година.

**Точка 47**

Владата ги разгледа Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година и притоа го утврди следново мислење

Финансиските извештаи се подготвени согласно член 158-њ став (1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13 , 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), според кој Советот на експерти е должен најдоцна до 30 јуни во тековната година да достави до Собранието на Република Северна Македонија финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор, а според став (3) од истиот член, Собранието на Република Северна Македонија ги усвојува финансиските извештаи за претходната година и финансискиот план. Во 2018 година Агенцијата остварила приходи од работење во износ од 82,4 милиони денари кои се за 11,9% повисоки од приходите во 2017 година и остварила расходи во износ од 66,4 милиони денари кои се за 7,6% повисоки од 2017 година. Зголемувањето на расходите во 2018 година е резултат на целосната отплата на кредитот за изградба на деловен простор на Агенцијата. Финансиската година Агенцијата ја завршила со добивка од 15,8 милиони денари и истата е пренесена во резервниот фонд на Агенцијата. Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи на Агенцијата за 2018 година, ја прикажуваат реално во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата, поради што, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

## Точка 48

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2019 година и дава позитивно мислење по истиот.

## Точка 49

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 67 ставови (6), (7) и (8) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), поднесено од претседателот на Советот на Општина Центар и притоа го утврди следново мислење

Согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), предметните ставови (6), (7) и (8) на членот 67 за кои се бара автентично толкување и се цитирани во Барањето на претседателот на Советот на Општина Центар, со членот 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија “ бр. 217/15) се предвидени како ставови (8), (9) и (10).

Имено, во членот 67 ставови (8), (9) и (10) од Законот за градење е предвидено дека:
(8) По исклучок советот на Општината, односно советите на општините на градот Скопје можат да го утврдат изгледот на една или повеќе градби во определено подрачје на територијата на Општината, доколку утврдат дека тоа е од значење за Општината, при што донесуваат програма која се состои од податоци и насоки за изгледот на градбата, односно градбите и графички приказ на утврдениот изглед.

(9) Во случаите од ставот (8) на овој член инвеститорот е должен изгледот на градбата да го усогласи со програмата, во спротивно надлежниот орган што го издал одобрението за градење донесува акт за ништовност на одобрението кој се доставува до органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите и истиот е основ за бришење на сите прибележувања и предбележувања поврзани со недвижноста.

(10) При изградба на градбите чиј изглед е утврден согласно со ставот (8) на овој член, Општината е должна да го ослободи инвеститорот 50% од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште.

Во членот 59 од Законот за градење е пропишана постапката за издавање на одобрение за градење, при што со ставот 13 јасно е утврдено дека „одобрението за градење се издава во рок од пет работни дена од доставување на доказ за платен надоместок за уредување на градежно

земјиште, односно од денот на склучување на договорот за начинот на плаќање на надоместокот или договор со кој е утврдено дека инвеститорот ќе го уреди земјиштето на сопствен трошок, односно од денот на донесувањето на акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот или од денот на доставување на банкарска гаранција за плаќање на надоместокот или доставување доказ за востановена хипотека во корист на Општината.".

Додека пак согласно Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрение за градење и формата и содржината на образецот на одобрението за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2013), односно во образецот на одобрението за градење меѓу останата документација и докази, под точка 16 е пропишано дека треба да се достави доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште, по што одобрението за градење станува правосилно доколку не е вложен правен лек, а инвеститорот може да започне со изградба на градбата.

Имајќи ги предвид горе цитираните одредби од Законот за градење, од истите произлегува дека изгледот на градбите од значење на Општината треба да го утврди советот на Општината, односно советите на општините на Градот Скопје со претходно донесена програма која се состои од податоци и насоки за изгледот на градбата, односно градбите и графички приказ на утврдениот изглед, независно дали истите ќе се градат, доградуваат или надградуваат, поради што се смета дека и ослободувањето на инвеститорот 50% од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, треба да се изврши во состојба пред започнување на изградба на објектот, бидејќи плаќањето на надоместокот е услов за издавање на одобрение за градење.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 67 ставови (8), (9) и (10) и од Законот за градење, се јасни и нема потреба од нивно автентично толкување и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не дава автентично толкување на овој член од Законот.

<u>**Точка 50**</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 8 став 1 точка 9 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16), поднесено од градоначалникот на Општина Чашка и притоа го утврди следново мислење

Предмет на Барањето за давање на автентично толкување е член 8 став 1 точка 9 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16) (во понатамошниот текст: Законот), со кој се уредуваат даночните ослободувања и олеснувања во поглед на данокот на имот.

Имено, според член 8 став 1 точка 9 од Законот, данок на имот не се плаќа на: објекти наменети за примарна обработка на земјоделски производи и тоа: објекти наменети за одгледување на добиток и риби, објекти за сместување на опрема за следење на квалитетот и безбедноста на примарните сточарски и земјоделски производи на земјоделско стопанство, објекти за сместување и одржување на земјоделска механизација, приклучна опрема и други превозни средства и опрема на земјоделско стопанство, објекти за складирање, прием, чување и пакување на примарни земјоделски и сточарски производи и храна за животни на земјоделско стопанство, објекти, собирни центри за млеко, печурки и лековити растенија, резервоари за вода поврзани со активности во земјоделско производство на земјоделско стопанство и објекти за третман на отпад од активности во земјоделско производство на земјоделско стопанство.

Согласно член 3 од Законот, данок на имот се плаќа на недвижен имот, освен за оној имот кој е ослободен од плаќање на данок според истиот закон.

Имајќи ги предвид наведените одредби од Законот, оранжериите за производство на земјоделски производи и придружни објекти како што се топланите, резервоарите за гориво, административните простории и другите објекти со инсталации кои овозможуваат непречено функционирање на оранжериите-стакленици не се ослободени од плаќање на данок на имот, со исклучок на објектите кои се наведени во точката 9 од членот 8 на Законот.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата од член 8 став 1 точка 9 од Законот за даноците на имот е јасна и прецизна и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање автентично толкување на истата.

## <u>Точка 51</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 13 став (1) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18) во врска со членот 205-а став (3) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" број 72/16, 142/16 и 233/18), поднесено од пратеникот Снежана Калеска Ванчева и притоа го утврди следново мислење

Во членот 13 став (1) од Законот за градење е пропишано дека „Носител на правото на градење е правно или физичко лице сопственик на земјиштето на кое се гради градбата, лице кое стекнало право на долготраен закуп на градежно земјиште, концесионер, носител на правото на службеност заради градба, лице на кое сопственикот на земјиштето или носителот на правото на долготраен закуп на градежно земјиште го пренел правото на градење со правно дело, лице кое се стекнало со право на градење со решение на стечаен судија при продажба на

правото на градење во стечајна постапка и лице кое се стекнало со право на градење согласно со закон (во натамошниот текст: инвеститор).“.

Во членот 205-а став (2) од Законот за извршување е пропишано дека „Заклучокот за извршена продажба на изградениот дел од идната градба заедно со правото на градење, претставува правен основ за стекнување на правото на градење со сите права и обврски поврзани со идната градба кое претставува правен основ за стекнување на правото на сопственост врз делот од градбата што се извршува. Правото на градење се пренесува на купувачот заедно со идната градба, во состојба, односно фаза на изведеност на идната градба.“.

Во ставот (3) од истиот член е пропишано дека „Заклучокот од ставот (2) на овој член, претставува правен основ за спроведување на сите промени во целокупната градежно-техничка, имотно-правна и друга документација која гласела на име на должникот, како и правен основ за запишување на промена на инвеститор и носител на право на градба пред надлежните органи.“.

Во одредбата од членот 13 став (1) од Законот за градење е пропишано кој може да биде носител на правото на градење, како и основите врз кои се стекнува својството на носител на право на градење меѓу кои основи е и лице кое се стекнало со право на градење согласно со закон.

Врз основа на претходно наведеното, се смета дека одредбата од членот 13 став (1) од Законот за градење е доволно јасна и прецизна во однос на нејзината примена и нема потреба од автентично толкување на оваа законска одредба.

Исто така, во однос на одредбите на членот 13 од Законот за градење, а во врска со член 205-а, се нагласува дека законското решение е донесено врз основа на меѓуресорски опсежни консултации, како одговор на проблемите со кои се соочија, како инвеститорите во реалниот градежен сектор така и финансискиот сектор во однос на реализација на веќе воспоставените хипотеки врз основа на предбележаните идни градби.

Токму затоа е креирана законска можност заклучокот на извршителот за извршена продажба на изградениот дел од идната градба заедно со правото на градење, да претставува правен основ за стекнување на правото на градење со сите права и обврски поврзани со идната градба кое претставува правен основ за стекнување на правото на сопственост врз делот на градбата што се извршува.

На тој начин се создаваат услови извршувањето да продолжи непречено да тече, водејќи сметка за интересите на доверителите ( во најголем случај тоа се банките како кредитори на

идните градби), но и на должниците (бидејќи се затвораат нивните обврски спрема доверителите и престанува течењето на затезните камати).

Тоа е единствено можно решение со кое се создадени предуслови за купувачот, како иден инвеститор да продолжи со градбата на предбележаниот иден објект и истиот да го финализира во интерес на целата општествена заедница. Ваквите одредби во Законот за извршување, претпоставуваат синхронизирана законска одредба и во Законот за градба, што впрочем е сторено со членот 13.

Имајќи ги предвид горе наведените одредби од двете законски решенија, а од друга страна поставеното прашање од страна на пратеникот Снежана Калеска Ванчева, се смета дека станува збор за јасни, прецизни и воедначени одредби во однос на Заклучокот за извршена продажба на имот содржан во листот за предбележување на градба, и дека нема потреба од автентично толкување на законските одредби.

## Точка 52

Владата ја разгледа Иницијативата од Митко Чавков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.100/2019 за оценување на уставноста на член 1 и член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018) и притоа го утврди следново мислење

Со Иницијативата се оспоруваат членот 1 и членот 2 од Законот за амнестија. Имено, подносителот на Иницијативата, во конкретниот случај, смета дека „одредбите за ограничување на важењето на Законот за амнестија за одредени кривични дела и определени лица имплементирани во член 1 од цитираниот Закон, се во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, пред се, со член 9 од истиот“.

Исто така, подносителот на Иницијативата укажува дека ограничувањето на важењето на Законот за амнестија во член 1 од цитираниот Закон, каде е набележано дека амнестијата важи за кривични дела поврзани со настаните од Собранието на Република Северна Македонија од 27 април 2017 година и нивните сторители, а не се однесува за лицата и кривичните дела наведени во член 1 став 3 од истиот Закон, што според истиот укажува дека овој член е во спротивност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија.

Понатаму, подносителот на Иницијативата истакнува дека според член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, сите граѓани на Република Северна Македонија, вклучително и лицата кои се осудени со пресуди на надлежни судови, за кривичните дела за кои амнестијата не важи, а цитирани во член 1 став 3 од Законот за амнестија, се нееднакви со другите граѓани воопшто, а пред се, со другите граѓани сторители на кривични дела, за кои важи амнестијата.

Како што истакнува подносителот „ова доведува до тоа да овој член 1 од Законот за амнестија е во целост во спротивност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија.“

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека „ваквата судска амнестија“ е неуставна и незаконска од причина што амнестијата е чин на простување, односно милост од државата, против сторители на кривични дела да не се покренува кривично гонење, или на веќе осудените лица казната да им биде простена или ублажена. Истиот истакнува „дека во конкретниот случај судот одлучувал во текот на траењето на судската постапка, а по претходно прибавено мислење од јавниот обвинител, на кого од обвинетите ќе им го уважи барањето за амнестија, што е сосема неуставно и незаконски“.

Со тоа, како што наведува подносителот на Иницијативата против обвинетите лица веќе била започната кривичната постапка односно во конкретниот случај амнестијата не се однесувала за да не се покренува кривично гонење или на веќе осудени лица да им се прости или ублажи казната, што е всушност суштината и значењето на амнестијата, туку тоа се случувало во текот на судската, односно кривичната постапка.

Воедно, подносителот во Иницијативата наведува дека „Уште повеќе, во текот на судската постапка за настаните од 27 април 2017 година, од повеќе обвинети лица, амнестија добија само 20 обвинети лица и тоа по самостојна оцена на судот, а по претходно прибавено мислење од јавниот обвинител, што е целосно неуставно, незаконски и дискриминирачки“. Во членот 1 од Законот за Амнестија е пропишано дека:

(1) Со овој закон се ослободуваат од кривично гонење, се запираат поведените кривични постапки и целосно се ослободуваат од издржување на казната затвор (во натамошниот текст: „амнестија”) лицата за кои постои основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година.

(2) Со амнестија од ставот (1) на овој член се: - ослободуваат од кривично гонење според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија лицата за кои постои основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со собраниските настани од 27 април 2017 година, - запираат кривичните постапки за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија против лица осомничени и обвинети, а во врска со настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година за кои постои основано сомневање дека сториле кривично дело до денот на влегувањето во сила на овој закон, - ослободуваат од извршување на казна условна осуда и се ослободуваат од издржување на казната затвор лицата кои сториле кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија, а во врска со настаните од Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година, а кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со извршување на казната условна осуда или издржување на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија.

(3) Одредбите од ставот (2) алинеи 1, 2 и 3 на овој член не се однесуваат за лица осомничени, обвинети, правосилно осудени како и лица кои издржуваат казна затвор за настаните поврзани и во врска со настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година за кои постои основано сомнение дека учествувале во подготвување или организирање на настаните во Собранието на Република Македонија или се правосилно осудени, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон сториле кривично дело „Здружување заради непријателска дејност" од членот 324 став 1 од Кривичниот законик, лица со прикриен идентитет кои употребиле физичка сила, лица кои сториле насилство, лица кои неовластено носеле оружје или распрскувачки материјали и лица кои постапиле спротивно на службените овластувања при вршење на кривичното дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста" од членот 313 од Кривичниот законик, кривичното дело „Убиство" од членот 123 од Кривичниот законик, кривичното дело „Насилство" од членот 386 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/17).

(4) Овој исклучок не се однесува на сторители на кривичното дело „Насилство" од членот 386 од Кривичниот законик, како и сторители на кривичното дело „Здружување заради непријателска дејност" од членот 324 од Кривичниот законик во врска со членовите 18, 19, 23 и 24 од Кривичниот законик.

(5) Се определува бришење на осудата и се укинува правната последица на осудата заклучно со денот на влегувањето во сила на овој закон. Во членот 2 од Законот за амнестија е пропишано дека: „(1) Постапката за примена на овој закон за лицата против кои е во тек кривична постапка, се поведува по барање на осомниченото, обвинетото и осуденото лице. (2)

Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од 5 (пет) дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, до првостепениот суд пред кој се води постапката, кој го носи решението во рок од 5 (пет) дена по приемот на барањето доколку се исполнети условите од овој закон, а по претходно прибавено мислење од надлежен јавен обвинител. (3) Постапката за примена на овој закон за лицата кои се правосилно осудени, а кои не отпочнале со издржување на казната затвор, по службена должност ја поведува надлежниот првостепен суд што ја донел пресудата, по барање на надлежниот јавен обвинител, по барање на осуденото лице или лице кое во корист на обвинетиот може да изјави жалба. (4) Постапката за примена на овој закон за лицата кои се правосилно осудени и се на издржување на казната затвор, по службена должност ја поведува казнено - поправната установа во која осуденото лице ја издржува казната затвор. (5) Решението за амнестија според одредбите од овој закон го донесува судот што ја донел првостепената одлука, во рок од пет (5) дена од денот на приемот на барањето." Согласно членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија, „владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, меѓу другите, се дефинирани како темелни вредности на уставниот поредок." Во членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и

правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви." Согласно членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија „Законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите." Во Амандманот XXV од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека „Судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Забранети се вонредни судови. Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници." Согласно член 106 и Амандманот XXX од Уставот на Република Северна Македонија „Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон." Во однос на оспорените членови, истакнуваме дека не се во спротивност со Уставот во однос на наводите за ткн. „судска амнестија" Имено, овие изнесени наводи во Иницијативата се неосновани од причина што амнестијата ја дава Собранието на Република Северна Македонија и тоа го сторило со донесувањето на законот во кој се утврдени условите за давање на амнестија. Со членот 2 од Законот, судот само утврдува постоење на пропишаните услови за давање амнестија во Законот за амнестија и за тоа во законски пропишана постапка донесува решение. Во тој контекст е и мислењето на јавното обвинителство. Имено, мислењето што го дава јавното обвинителство е согласно членот 30 став (1), алинејата 9 од Законот за јавното обвинителство, каде што е пропишано дека, меѓу другите надлежности, јавното обвинителство е надлежно „да врши и други дејствија определени со закон". Исто така, неосновани се и наводите изнесени во Иницијативата кои се однесуваат на нееднаквоста на граѓаните. Имено, законот не врши селекција на лицата на кои им се дава амнестија, туку, напротив јасно ги дефинира условите за давање амнестија и тоа е поделено на три нивоа: ослободување од кривично гонење, запирање на кривичните постапки и ослободување од извршување на казна условна осуда и ослободување од издржување на казната затвор. Притоа, во ставовите (1) и (2) од членот 1 се дефинирани условите за лицата поврзани со настаните од Собранието на Република Северна Македонија од 27 април 2017 година, а во ставовите (3) и (4) од наведениот член преку негативна енумерација се дадени исклучоци на кои лица поврзани со овие настани не се однесува амнестијата. Наведеното е во согласност со Уставот, затоа што амнестијата преставува законска материја и право на законодавецот е да ги определува кривичните дела и условите за давање амнестија. Ова е во контекст на тоа дека изрекувањето и извршувањето на казнено-правните санкции не е апсолутно право, туку под одредени услови државата може да се откаже или да ги редуцира санкциите пропишани во законите. Откажувањето од правото на казнување или ублажувањето на строгоста на правосилните казнени осуди е акт на милост на државата, оправдан со некои изменети општествени околности или посебни интереси на државата. Сепак, поради сензитивноста на амнестијата, ова право на државата секогаш се поставува рестриктивно и институтот амнестија е кренат на уставно рамниште со дадено овластување на парламентите. Овој принцип од казнено-правната теорија е почитуван и во Република Северна Македонија.

Имено, во член 68 став 1 алинеја 17 од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека Собранието е надлежно да дава амнестија. Оспорената одредба од Законот е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и од причина што законот со кој се дава амнестијата секогаш треба да се однесува на определена категорија на казнени дела, на определена категорија сторители или осудени лица, или на определени казни. Токму ова стојалиште прифатено од казнено-правната теорија е имплементирано и во Законот за амнестија донесен од Собранието на Република Северна Македонија во 2018 година. Дополнително, согласноста на одредбите од законот со уставните одредби се огледа и во фактот дека законот е рестриктивен и не содржи кривични дела кои согласно меѓународното право не можат да бидат предмет на амнестија (на пример, кривични дела од меѓународното хуманитарно право, тортурата и сл.). Имајќи го во предвид наведеното, Владата смета дека со оспорените член 1 и член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018), не се повредени одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста од членот 1 и членот 2 од Законот за амнестија.

**Точка 53**

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Приватната високообразовна професионална установа за бизнис Студии „Еуро Колеџ" - Куманово и притоа го утврди следново мислење:

Во новиот текст на Статутот внесени се сосема нови одредби, за кои Владата на Република Северна Македонија претходно не се произнела.

Во целиот текст на Статутот на Приватната високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро Колеџ" - Куманово, бр. 01-183/3 од 8 јули 2019 година, зборовите „Р. Македонија" и кратенката „РМ" да се заменат со зборовите „Република Северна Македонија".

Во членот 91 од Статутот, ставот 2 е во спротивност со член 137 став 9 од Законот за високото образование кој гласи: „Универзитетите и високите стручни школи можат да организираат стручни студии од втор циклус за лица кои завршиле соодветни студиски програми од прв циклус на стручни, односно академски студии".

Во членот 93 од Статутот, во ставот 2 точката 2 е во спротивност со член 137 став 10 од Законот за високото образование, кој гласи: „Стручни студии од втор циклус се организираат како студии кои траат една година и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити".

Членот 94 од Статутот е во спротивност со член 137, ставови 16 и 17 од Законот за високото образование во кои се наведува дека, лицето кое завршило втор циклус на стручни студии од 60 ЕКТС кредити се стекнува со назив специјалист од одредена струка.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, називот по завршување на стручните студии од втор циклус со кои се стекнале 60 ЕКТС кредити е Speacialist (Spec.).

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија неможе да даде позитивно мислење по наведениот Статут се до постапување по наведените забелешки.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.586 КО Злокуќани на КП 136 дел 1, КП 136 дел 3 и КП 136 дел 4 викано место Зајчев Рид и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Билјана Пецовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2166 КО Ѓорче Петров 6 на КП 8964 викано место/улица Ѓ. Петров и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 103002 КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП 7047 дел 13 и КП 7047 дел 5 викано место/улица Беришка и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10583 на КП 1053 дел 1 и Имотен лист бр.102331 на КП 1053 дел 4 за КО Радишани викано место/улица Бадеми и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

**1.** Владата го именува Измит Нура за заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата донесе Решение за изменување на Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација.

**3.** Владата го именува Емри Зибери за член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје.

**4.** Владата го именува Газменд Зулбеари за член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија -Скопје.

**5.** Владата го именува Азиз Јакупи за член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го именува Даут Хајрулахи за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

**7.** Владата го именува Бујар Зенели-Гафурри за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица"-Кичево.

**8.** Владата го разреши Драган Апостоловски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, на негово барање.

**9.** Владата на Абдулкадир Исаки, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и врски му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата, за време од девет месеци, сметано од 17.7.2019 година до 17.4.2020 година.

**10.** Владата на Горан Симоноски, разрешен од должноста вршител на должноста член на Инспекцискиот совет од областа на образованието, науката и културата, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата, за време од девет месеци, сметано од 17.7.2019 година до 17.4.2020 година.

**11.** Владата на Благој Индов, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Државниот испекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата, за време од девет месеци, сметано од 17.7.2019 година до 17.4.2020 година.

**12.** Владата на Газменд Ристеми, разрешен од должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата, за време од 9 месеци, сметано од 17.7.2019 година до 17.4.2020 година.

**13.** Владата на Асип Усеини, разрешен од должноста заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, му утврди право за остварување плата по

престанувањето на функцијата, за време од девет месеци, сметано од 17.7.2019 година до 17.4.2020 година.

**14.** Владата на Беким Хаљими, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Управата за електронско здравство, орган во состав на Министерството за здравство, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата, за време од девет месеци, сметано од 17.7.2019 година до 17.4.2020 година.

**15.** Владата за членови на Комисијата за разгледување на пријави од кандидати по огласот за именување член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, ги именува: - академик Глигор Каневче - д-р Александар Дединец - Љупчо Петкуќески - Виктор Андонов и - Елена Паговска-Пелтековски.

**16.** Владата од должноста членови на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, ги разреши: - проф. д-р Драган Тевдовски, - Садула Дураку и - Љупчо Николовски.

16.1. Владата за членови на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, ги именува: - Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање -Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и - Елвин Хасан, министер без ресор.

**17.** Владата од должноста член на Комисијата за политички систем, го разреши: - д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука.

17.1. Владата за член на Комисијата за политички систем, го именува: - Садула Дураки, заменик на претеседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците

**18.** Владата од должноста членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, ги разреши: - проф. д-р Драган Тевдовски - Сухејл Фазлиу и - Асаф Адеми

18.1. Владата за членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, ги именува: - Горан Милевски, министер за локална самоуправа и - Хусни Исмаили, министер за култура.

**19.** Владата од должноста претседател и член на Комисијата за приватизација, ги разреши: а) од претседател: -Садула Дураку б) од член: - Љупчо Николовски

19.1. Владата за претседател и член на Комисијата за приватизација, ги именува: а) за претседател: -Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците б) за член: - Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**20.** Владата од должноста членови на Комисијата за станбени прашања, ги разреши: -Хазби Лика и -Сухејл Фазлиу.

20.1. Владата за членови на Комисијата за станбени прашања, ги именува: -Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и -Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

**21.** Владата од должноста членови на Комисијата за именување, ги разреши: -проф. д-р Драган Тевдовски -Хазби Лика -Љупчо Николовски и -Садула Дураку.

21.1. Владата за членови на Комисијата за именување, ги именува: - Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, -Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и -Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

**22.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје за претседател на Управен одбор и генерален директор да го избере Орхан Муртезани.

## Точка 59

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 22 јули 2019 година до 28 јули 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата заклучи да престанат да важат заклучоците на Владата усвоени на 146-та седница на Владата, одржана на 23 јули 2019 година и на 143-та седница на Владата, одржана на 9 јули 2019 година по Спогодбата за вонсудско решавање на спорови меѓу Владата на Република Северна Македонија и „Макпетрол" АД Скопје, согласно доставеното Известување од Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**3.** Владата по Информацијата за финансиска поддршка и финансиски средства за санирање на штети на училишни згради во Општина Ресен, причинети од невремето на 10.7.2019 година, го задолжи Министерството за образование и наука итно, за оваа цел, во рамки на својот буџет и своите програми да обезбеди средства во износ од 1.113.010 денари.

**4.** Владата го разгледа и прифати Меморандумот за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за обуки „Интеруниверзитетска академија прима" основана од Универзитетот Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.

**5.** По повод Барањето за финансиска поддршка на Здружение на мотоциклисти Интернационал Роуте 66 Тетово до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-2388/1 од 22.7.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на учеството на македонскиот туринг тим во совладување на позната и легендарна рута „Рута Стургис", Владата заклучи:

- Се задолжува Генерален секретаријат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 - Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 30.000 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект.

**<u>Точка 60</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за период од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 61</u>**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 62</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информација за Акциски план за врабоување на млади лица, 2016-2020 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 63</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Третиот извештај за напредокот во делот на промоцијата на обновливите извори на енергија во Република Северна Македонија за 2016 и 2017 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 64</u>**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за транспорт и трговија Фивла транспорт ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Долно Лисиче", Општина Аеродром, во предложениот текст.

2. Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за транспорт и трговија Фивла транспорт ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Долно Лисиче 2", Општина Аеродром, во предложениот текст.

## Точка 65

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за склучување на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за трансфер на осудени лица, со Усогласен текст на Договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Усогласениот текст на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за трансфер на осудени лица.

2. Се определува д-р Рената Дескоска, министер за правда во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за трансфер на осудени лица.

## Точка 66

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за склучување на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за екстрадиција, со усогласен текст на Договорот и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за екстрадиција.

2. Се определува министерот за правда, д-р Рената Дескоска, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за екстрадиција.

## Точка 67

Владата го разгледа Извештајот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за меѓусебна правна помош во кривичната материја, со усогласен текст на Договор и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за извршени преговори за склучување на Договор меѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за меѓусебна правна помош во кривичната материја.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за меѓусебна правна помош во кривичната материја.

3. Се определува д-р Рената Дескоска, министер за правда во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за меѓусебна правна помош во кривичната материја.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на работи од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија и условно ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство и да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 69**

Владата условно ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци, која претходно редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за транспорт и врски да ја докомплетира целокупната документација по овој предмет.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци и условно ја донесе Одлуката, доколку предлагачот изврши редакциско усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство и ја докомплетира со потребната документација .

**Точка 71**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поканата за одржување на вонредна седница на Собранието на акционери на „Јубмес банка“ АД Белград, закажана за 6 август 2019 година и го усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии до „Јубмес банка“ АД Белград за закажаната вонредна седница на Собранието на акционери за 6 август 2019 година, да достави формулар за гласање во отсуство, со следното произнесување по предложениот Дневен ред:

• По однос на точките од I Претходна постапка нема гласање.

• По однос на точките од дел II Редовна постапка:

1. Предлог за разрешување на претседателот на Собранието на акционери на „Јубмес банка“ АД Белград, проф. д-р Лидија Бајрактаровиќ, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

2. Предлог за избор на д-р Анастазија Тања Делиќ за претседател на Собранието на акционери на „Јубмес банка“ АД Белград, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

3. Предлог за разрешување на проф. д-р Немања Станишиќ, независен член на Управниот одбор, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

4. Предлог за именување на г-дин Игор Јовановиќ за независен член на Управниот одбор, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

5. Предлог за изменување на одлука на Собранието на акционери на Банката во врска со измена на Статутот, да гласа „ЗА“.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на финансирање на изградбата на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за здравство, да отпочне преговори со конзорциумот на банки Erste Group, Raifaisen bank и UniCredit за заем обезбеден со гаранција од ЕСА.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на реализацијата на нов Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство како договорен орган да ја спроведе постапката за јавна набавка, согласно член 53 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019).

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности, се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, АД МЕПСО, АД ГА-МА, АД МЕР, Градежен факултет - Скопје и Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје, а им се препорачува на Градот Скопје, Општината Ѓорче Петров, Јавното претпријатие улици и патишта - Скопје, Јавното претпријатие за водовод и канализација -

Скопје, ЕВН Македонија, Топлификација АД - Скопје и БЕГ - Скопје да ја разгледаат можноста за придонес во проектот за изградба на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје согласно нивните надлежности и за истото во рок од 30 дена да ја информираат Владата со поединечни мислења.

## Точка 74

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација да ја информира јавноста за распоредот на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, со цел да се запознаат вработените, како и да се подготват институциите за новото работно време.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за досегашната работа и понатамошните потреби на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена да подготви и до Владата на Република Северна Македонија да достави Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за управување со одземен имот, во род од 15 дена да обезбедат моторни возила за потребите на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за набавки, како што се прикажани во Прилог 1, со можност да се намали делот на набавките што ќе се реализираат преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за службени патувања на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, до доделувањето на

буџет на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за оваа намена.

**<u>Точка 76</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, го утврди и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Розика Бојаџиева, раководител на сектор во Министерството за финансии.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:35 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |